**20241652913**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јули 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА 2021-2026 И НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА 2021-2026 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за формирање на Координативно тело за следење на спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и на акциските планови за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 262/21 и 110/23), во член 3 ставот 1 се менува и гласи:

„Координативното тело е составено од 25 членови и нивни заменици, и тоа по еден член и заменик член од:

- Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
- Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење,
- Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем,
- Министерството за одбрана,
- Министерството за внатрешни работи,
- Министерството за правда,
- Министерството за односи меѓу заедниците,
- Министерството за надворешни работи и надворешна трговија,
- Министерството за европски прашања,
- Министерството за финансии,
- Министерството за економија и труд,
- Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини,
- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Министерството за здравство,
- Министерството за образование и наука,
- Министерството за социјална политика, демографија и млади,
- Министерството за локална самоуправа,
- Министерството за култура и туризам,
- Министерството за дигитална трансформација,
- Министерството за јавна администрација,
- Министерството за транспорт,
- Министерството за животна средина и просторно планирање,
- Министерството за спорт,

- Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија и

- Комитетот на советите при Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија."

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-6493/3
30 јули 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.